ТРАЈНА ВРЕДНОСТ

# ПРВ ПРИВАТЕН УНИВЕРЗИТЕТ – ФОН СКОПЈЕ

РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА
ПРВ ПРИВАТЕН УНИВЕРЗИТЕТ - ФОН
Бр. 01-19/16
13.10. 2017 год.
Скопје

FON
FIRST PRIVATE UNIVERSITY

# Б И Л Т Е Н

**НА**

**Прв приватен универзитет – ФОН Скопје**

**БРОЈ 194**

**Скопје, 13.10.2017**

# С О Д Р Ж И Н А:


1. Рецензија на учебникот Вовед во правото, прво дополнето и изменето издание од проф. д-р Стефан Буџакоски……………….............................................3081
2. Рецензија н авторизирани предавања по предметот Корпоративно управување од доц. д-р Зорица Силјановска..........................................................................3084

**РЕЦЕНЗИЈА**

на ракопис за учебник

Вовед во правото од проф. д-р Стефан Буџакоски

Врз основа на Одлуката на Наставно-научниот совет на Факултет за правни науки прив Прв приватен универзитет Фон во Скопје, бр.14-1231/3 од 12.09.2017 година, за членови на Рецезентската комисија за рецензирање на учебникот Вовед во правото, прво дополнето и изменето издание од д-р Стефан Буџакоски, за предметот Вовед во правото, избрани се Академик проф. д-р Владо Камбовски и проф.д-р Александар Николоски.

По добивањето на ракописот и неговото детално разгледување и анализа, до Наставно-научниот совет на Факултет за правни науки при Прв приватен универзитет Фон во Скопје, рецезентите го поднесуваат следниов:

**ИЗВЕШТАЈ**

Предметот Вовед во правото е задолжителен предмет на Факултетот за правни науки, Факултетот за детективи и безбедност и Факултеттот за политички науки и дипломатија при Прв приватен универзитет Фон. Ова е прво дополнето и изменето издание кое се разликува од претходното издание откако се пристапено да се изврши усогласување со позитивните просписи. Ракописот кој е предаден на рецензија содржи 580 страни во електронска верзија со проред 1,5 големина на фонтот 11. Текстот е поделен на 3 дела. Првиот дел содржи 2 поглавја, вториот дел содржи 11 поглавја и третиот дел содржи 14 поглавја вклучувајќи ја литературата .

Првиот дел **Вовед во правото како научна дисциплина** е структуиран од 2 поглавја и тоа :**1. Вовед во правото како општествена научна дисциплина и 2.Предмет и метод на воведот во правото.**

Овој дел е почетниот дел на трудот и претставува вовед во целосната композиција. Во овој дел се разработува појавата и развојот на Воведот во правото како научна дисциплина , поделбата на правните науки на природни и општествени, местоположбата на Воведот во правото со другите правни науки, односот со филозофијата, политикологијата, Воведот во правото со економските науки и социологијата. Во второто поглавје акцентот е ставен на предметот на изучување и структурата на Воведот во правото како и поимите метод и методологија .

Вториот дел **Држава** содржи 11 поглавја и тоа :

**1.НЈастанок и определување на поимот за државата, 2.Теории за настанокот и определување на поимот и суштината на државата , 3. Местото на државата во политичкиот систем, 4.Облици на уредување на политичкиот режим на државата, 5.Белези на државата , 6.Функции на државата, 7.Облици на владеење, 8.Облици на државното уредување, 9.Државна организација , 10.Правна држава и владеење на правото , 11.Поединец,право и држава**

Во продолжението на трудот во вториот дел е дефиниран поимот на Државата, развојните периоди на државата односно основните причини за нејзиното создавање. Постојат многу теории кои го објаснуваат процесот на настанок на државата и секоја од нив е од различно стојалиште со различни сфаќања,тука се среќаваме со некои од многуте теории како патријахалната,теолошката,договорната,биолошката теорија,теоријата на сила итн. Во политичкиот систем кој претставува севкупност на испреплетени норми , институции, установи преку кои се организира власта ја среќаваме државата како централен елемент на политичкиот систем.Во овој дел се запознаваме со белезите на државата : територијата,населението и власта.Функциите на државата , облиците на владеење и државната организација не водат до последното поглавје каде се сфаќа поврзаноста на државата и правото односно дека неможат да постојат самостојно државата без правото и правото без државата .

Во третиот и последниот дел **Правото** се среќаваме со 14 поглавја вклучувајќи ја литературата.

**1.Право-поим, суштина, принципи и функции, 2. Правото, општествените норми , правосознанието и правната култура, 3. Правни норми, 4.Правни акти, 5.Правни односи, 6.Субјекти на правото, 7.Применување на правото, 8.Легалитет,законитост и правен поредок, 9.Толкување на правото, 10.Систем на правото, 11.Правни вредности, 12. Правни средства, правни дела 13.Современи правни системи**

По дефинирањето на државата во овој дел се запознаваме со поимот право и неговата суштина. Ја согледуваме разликата помеѓу природните закони,моралните норми,обичајните норими и правните норми. Се разработува правната норма, нејзините делови и нејзиното значење како дел од општествените норми кои ги санкционира државата и претставува правило за поведението на луѓето. Како субјекти на правото ги среќаваме физичките и правните лица и се разработуваат правните односи .

Сите три дела со своите поглавја претставуваат една функционална целина на Воведот во правото. Целокупниот материјал потребен за изучување на Воведот во правото ,односно најважните делови државата и правото прецизно се образложени .

## ЗАКЛУЧОК И ПРЕДЛОГ

Имајќи ги во предвид претходно изнесените оценки за ракописот за учебникот Вовед во правото од д-р. Стефан Буџакоски, чест ни е да му предложиме на Наставно-научниот совет на Факултетот за правни науки при Прв приватен Универзитет Фон во Скопје, да го одобри издавањето на истиот.

Убедени сме дека со објавувањето на овој учебник како прво дополнето и изменето издание ќе помогне во полесно совладување на содржината на Воведот во правото за студентите на додипломските студии .

Рецезенти:

Академик Проф. д-р Владо Камбовски, с.р.

______________________________

Проф.д-р.Александар Николовски, с.р.

______________________________

# РЕЦЕНЗИЈА НА АВТОРИЗИРАНИТЕ ПРЕДАВАЊА „КОРПОРАТИВНО УПРАВУВАЊЕ“

## ОД АВТОРОТ ДОЦ. Д-Р ЗОРИЦА СИЛЈАНОВСКА

Наставно – научниот совет на Факултетот за правни науки при ФОН Универзитет, на 7-та седница одржана на 02.03.2017 го прифати барањето на авторот, доц. д-р Зорица Силјановска за формирање на комисија за оценка на авторизирани предавања по предметот Корпоративно управување. Како член на рецензионата комисија за авторизираните предавања „Корпоративно управување“, беше определена проф. д-р Сејдефа Џафче.

По проучување на текстот, на Наставно научниот совет рецензентот поднесува извештај со препорака Наставно – научниот совет на Факултетот за правни науки при ФОН Универзитетот, да го прифати трудот како учебничко помагало по предметот Корпоративно управување. Прегледувајќи го доставениот текст рецензентот проф. д-р Сејдефа Џафче го достави следниов:

## И З В Е Ш Т А Ј

Насловот на ракописот за авторизираните предавања е „Корпоративно управување“, од авторот доц. д–р Зорица Силјановска. Трудот ја обработува содржината од областа на корпоративното управување, влијанието на последната светска економска криза врз развојот на корпоративното управување на глобално ниво, принципите и стандардите за добро корпоративно управување со посебен осврт на моделот на корпоративно управување на модерна компанија во 21 век, корпоративното управување во финансиските институции и корпоративното управување во Република Македонија. Наставата од овој предмет се изведува во деветтиот семестар од студиите, на Факултетот за правни науки и десеттиот семестар на Факултетот за економски науки при ФОН Универзитетот. Содржината презентирана во текстот го содржи делот од областа на корпоративното управување и обработува теми кои се застапени со 24 часа теоретска и 24 часа практична настава (вежби). Поделбата на материјалот на тематски целини е извршена во согласност со наставната програма. Сите тематски содржини во текстот се систематски и дидактички обработени. Текстот е напишан концизно и јасно. Објаснети се сите неопходни поими, а шематските прикази и статистичките податоци го илустрираат материјалот. Со овие карактеристики,

приложениот текст претставува соодветен труд за предметот корпоративно управување за студентите на последипломските студии.

Трудот е структуиран во пет глави. Обработени се најпрво општите прашања во врска со корпоративното управување, развој, дефиниции, карактеристики, модели, анализа на монистичкиот (едностепен) и дуалистичкиот (двостепен) систем на управување и корпоративната општествена одговорност како еден од постулатите за развој на добро корпоративно управување. Значајна вредност на трудот му дава обемната компаративна анализа на развојот на корпоративното управување на глобално ниво. Обработени се системите на корпоративно управување и нивниот развој во европските земји, САД, Јапонија, земјите од Источна Азија и земјите на БРИКС преку истакнување на нивните предности и слабости. Стандардизацијата на корпоративното управување преку поставување на универзални принципи и стандарди е особено значаен сегмент, а во трудот ова прашање е разработено во посебна глава во која се потенцирани и добрите практики на корпоративното управување. Финансиските инцтитуции и спецификите во нивните системи на корпоративно управување се посебна целина во трудот. Во овај дел обработени се и причините за почетокот на финансиската криза и нејзиното проширување од САД на европскиот пазар, плановите за опоравување од кризата и реформите за функционален и стабилен финансиски пазар.

Правната и институционална рамка за развој на корпоративното управување во Република Македонија, карактеристиките на корпоративното управување во нашата земја, со посебен акцент на слабостите и реформите за развој и унапредување се прашањата кои се анализирани и истражувани во посебниот дел на овај труд

На крајот од трудот е наведена литературата која е користена при изработката на авторизираните предавања. Таа се состои од 212 библиографски единици, современи учебници и учебни помагала, национални правни акти, меѓународни акти и официјални извештаи кои обработуваат прашања од областа на корпоративното управување. Содржината на авторизираните предавања е прегледно презентирана на 300 страници.

ЗАКЛУЧОК

Авторизираните предавања „корпоративно управување"— од авторот доц. д-р Зорица Силјановска, сметам дека ќе овозможи разбирање и осознавање на програмските содржини при изучувањето на предметот корпоративно управување неопходни за студентите на последипломски студии на Факултетот за правни науки и Факултетот за економски науки при ФОН Универзитетот. По обемот и темите кои ги обработува, учебникот целосно одговара на делот од наставната програма по предметот корпоративно управување, кој ја обработува проблематиката на корпоративното управување како една комплексна целина во која се инволвирани многубројни конституенти со различни интереси. Сметам дека јазикот и презентацијата на содржините се разбирливи за студентите, а текстот е одлично илустриран со табеларни прикази кои се директно посочени или обележени структурните компоненти. Затоа, со особено задоволство, на Наставно – научниот совет му предлагам, авторизираните предавања „Корпоративно управување"— да ги прифати за печатење и примена при изведувањето на наставата по предметот корпоративно управување. Се надевам дека и студентите, како читатели на учебникот, ќе имаат позитивни искуства при совладувањето на тематските содржини предвидени со наставната програма.

Рецензент

Проф. Д-р Сејдефа Џафче, с.р.

___________________________

РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА ПРВ ПРИВАТЕН УНИВЕРЗИТЕТ - ФОН СКОПЈЕ